Влада на Република Северна Македонија

**Агенција за млади и спорт**

Бр. 08 - 2696/1
27-11-2019 год.

**Агенција за млади и спорт**
Ул.Македонија бр.38
Палата „Панко Брашанаров"
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. +389 (0) 2 3119-628
Email: contact@ams.gov.mk
web: www.ams.gov.mk

*До*

*СИТЕ НАЦИОНАЛНИ СПОРТСКИ ФЕДЕРАЦИИ*

Агенцијата за млади и спорт во врска со реализација на Проектот Ваучер во спортот и измените во Законот за спорт (Службен весник на РСМ, бр. 244 од 2611.2019 година) во прилог ви ги доставува обрасците:

- Образец 1 - Барање за користење на средства од даночно ослободување за федерација,
- Образец 2 - Барање за користење на средства од даночно ослободување за клуб,
- Образец 3 - Барање за користење на средства од даночно ослободување за спортист.

**Со молба за активна соработка, во НАЈБРЗ РОК обрасците да ни ги доставите пополнети во тврда форма заверени во архивата на Агенција за млади и спорт со назнака за Централа комисија (електронски поднесени предлог листи и обрасци нема да бидат предмет на евалуација).**

- Образецот 1 - Барање за користење на средства од даночно ослободување за ФЕДЕРАЦИЈА.

Врз основа на доставените барања Централната комисија подготвува и утврдува Предлог – Листа со која се вреднуваат, верифицираат и рангираат Националните спортски федерации, ја евалуира листата на спортските клубови и спортисти кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување, Законот за спорт и Законот за данокот на добивка.

- <u>**Образецот 2**</u>, треба да го користите за утврдување на Рангот на клубовите, а <u>**Образецот 3**</u> треба да го користите за утврдување на Рангот на спортисти од Вашата Федерација.

***<u>В А Ж Н О :</u>***

**Националната спортска федерација е должна до Агенцијата за млади и спорт, да достави ПРЕДЛОГ - ЛИСТА на спортски клубови (наведени по реден број и износот на бодови) и ПРЕДЛОГ - ЛИСТА на активни спортисти (наведени по реден број и износот на бодови), <u>рангирани според бодовите</u> согласно пополнетите Обрасци, кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување согласно Законот за спортот и Законот за данокот на добивка.**

**Комисијата задолжена за ваучер системот формирана од националната спортска федерација, е должна да ја потврди точноста на внесените податоци во приложените Обрасци.**

Ве молиме секоја национална спортска федерација својата Предлог - листа на спортски клубови и активни спортисти кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување согласно Законот за спортот и Законот за данокот на добивка, да ни ја доставете во најкус можен рок а најкасно во рокови определени во измените од Законот за спортот (Службен весник на РСМ, бр. 98 од 21.5.2019 година)

**Националните спортски федерации, доколку има потреба се должни во рок од три дена да ја докомплетираат документацијата по барање на Централната комисија.**

Влада на Република Северна Македонија
**Агенција за млади и спорт**

**<u>НАПОМЕНА:</u>**

**Ќе се евалуираат само ПРЕДЛОГ-ЛИСТИ и ОБРАСЦИ во тврда копија заверени во Архивата на Агенција за млади и спорт (во прилог да се доставаат Обрасците за клубови и спортисти според кој се изготвени Предлог листите)**

Прилог:

- *Образец 1 - Барање за користење на средства од даночни ослободување за федерација,*
- *Образец 2 - Барање за користење на средства од даночни ослободување за клуб,*
- *Образец 3 - Барање за користење на средства од даночни ослободување за спортист*

*Доставено до:*
*- Директор*
*-Архива на АМС*
*- Национланите спортски федерации*
*- Сектор спорт*

ДИРЕКТОР
ДАРКО КАЕВСКИ